# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 23 Август 2019 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |



***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, НАСТАНАТА ОД НЕВРЕМЕТО НА ДЕН 24.06.2019 ГОДИНА И ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, НАСТАНАТА ОД НЕВРЕМЕТО НА ДЕН 04.07.2019 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 24.06.2019 година и Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 04.07.2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-2889/1<br>23.08.2019 година<br>П р и л е п | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Илија Јованоски |

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 143 од Законот за заштита и спасување (''Сл. весник на Р. Македонија'' бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16 и 106/16) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.08.2018 година, претресувајќи го Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на ден 23.08.2019 год, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 24.06.2019 година и Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 04.07.2019 година

1. Се усвојуваат Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 24.06.2019 година и Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 04.07.2019 година.

2.Заклучокот и Збирниот Извештај да се достават до Републичката комисија за проценка на штети при Владата на Република Северна Македонија, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-2887/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.08.2019 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ООУ "ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ"-ПРИЛЕП ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

1. Одлуката за давање согласност на ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп за отворање на продолжен престој за учениците, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-2889/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.08.2019 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 32 и член 33 став 3 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 6/2011, 18/2011,51/2011, 100/2012, 24/2013, 41/2014,116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.08.2019 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност на ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп за отворање на продолжен престој за учениците

член 1

На ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп му се дава согласност за отворање на продолжен престој за учениците од прво до петто одделение, а согласно Одлуката од УО на ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп бр.02-55/8 од 25.01.2019 година.

Член 2

Продолжениот престој ќе се реализира во рамките на Програма-Елаборат за организирање на продолжен престој за учениците од I до V одделение во ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп бр.03-218/1 од 08.04.2019 година.

Член 3

Одлуката да се достави до ООУ "Добре Јованоски"-Прилеп, Градоначалникот и Архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-2887/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.08.2019 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

***СОДРЖИНА***
***на Службен гласник на Општина Прилеп број 12 од 23.08.2019 година***

1. Заклучок за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 24.06.2019 година и Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп, настаната од невремето на ден 04.07.2019 година…………………….………..стр.1

2. Одлука за давање согласност на ООУ “Добре Јованоски”-Прилеп за отворање на продолжен престој за учениците........................................................................................................................стр.2

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци